www.jub.eu

# JUB Магазин

**Година VII**
**Број 12**
**Февруари 2014**
ЈУБ дооел
Скопје



Актуелно

## Jub ве води на Eurobasket 2013

Jub техники

## Декоративна обработка на внатрешни ѕидни површини

Интервју

## На кафе муабет со “Вевчанец”



**JUBIZOL Standard – прв избор на професионалците**

JUBIZOL Standard се темели на знаењето и искуството кое во минатите 45 години го стекнавме на повеќе од 10 милиони m$^2$ вградени контактни фасадни топлотноизолациски системи, врз база на експандиран полистирен како изолациска облога.

Системот ги задоволува потребите на најголемиот број купувачи, обезбедува одличен соодност на квалитетот и цената, а воедно е прв избор на повеќето професионалци.

Особини:

- идеален соодност меѓу квалитетот и цената;
- најмала можна дебелина на основниот малтер (само 3 mm);
- голем избор на нијанси на завршниот малтер (светлосен индекс Y > 25);
- можност за избор на изгледот на измазнетата или пердашената фасадна површина со различна гранулација;
- потполно задржување на функционалните својства и естетскиот изглед на топлотноизолацискиот систем JUBIZOL се постигнува со препорачано обновувачо боење.

Употреба :

- за сите видови на ѕидни подлоги;
- за фасадни површини кои се заштитени од врнежи барем со минимална стреа;
- за просечни, односно помалку сложени експлоатациски услови;
- пред сé за топлинска заштита на нови и топлинска санација на постоечки ниски станбени згради со висина до 22 m, како и ниски деловни, производни и слични објекти.

| Состав: | |
|---|---|
| изолациска облога | JUBIZOL EPS F-W0 (бел, без преклоп) |
| лепило | EPS Lepilna malta или JUBIZOL Lepilo |
| основен малтер | EPS Lepilna malta |
| армирање | JUBIZOL фасадна мрежичка 145 g/m$^2$ |
| основен премаз | Unigrund |
| завршна обработка | Akrilni glajen omet 1,0; 1,5; 2,0; 2,5 mm<br>Akrilni zariban omet 2,0; 2,5 mm |










# вовед



Годишно време ...зима, месец февруар, година 2014. Дали и ние во Македонија го имаме ова годишно време? Се досега не. За сите тоа и баш не е така добро, има бактерии, дрвата цутат па мрзнат и на крај плодовите се скапи. Од друга страна пак, за нас градежниците тоа е благодет, бидејќи градежната сезона трае во текот на целата календарска година. Во овој број на JUB Магазин, ќе ве информираме за тоа како ние ја дочекуваме старо новата градежна сезона. Најнапред ќе се пофалиме со реставрирањето на старата фасада на Гевгелиската Библиотека „Гоце Делчев" во центарот на овој најјужен град во нашата земја. Оваа 2014 година е година на нашиот напознат преоизвод Jupol, кој слави 45 години, а по тој повод ќе ве наградиме со 10% повеќе на пакувањето од 15l. во рубриката „интервју", разговараме со нашиот долгогодишен соработник, мајстор Ѓоко Маловски. За оваа нова сезона, ви нудиме „нови производи" од областа на бои и премази за дрво и метал, како и нова гранулација и нијанси по ваша мерка од производот Kulirplast. Во следната рубрика имаме средба со Маријан од Алекс Колор кој ни раскажува за својот животен пат, при основање на оваа компанија. Алатката „Jubizol Engineering", како и нејзината употреба ви ја доловуваме во истоимената рубрика, каде ќе ве запознаеме со пресметката за заштеда и потрошувачка на материјалите во Jubizol системот. Во „моја приказна" се сретнуваме со компанијата Пролет Комерц од Велес, која оваа година слави 20 години од основањето, а ние им поскауваме уште долги години успешно дејствување на овој дел од пазарот. Како да се заштитиме од продорот на водата во секој дел од домот, ќе прочитате во рубриката „од наш агол" каде ќе може да ја запознаете правилната изведба за идеално купатило. Во рубриката „совет" ви препорачуваме неколку нијанси на бои за вашиот дом. За крај на овој број на JUB Магазин, исто како и во претходните ги оставивме рубриките „JUB Design Studio", како и„референтните" објекти кај нас кои ни ги разубавија градовите во Македонија.

Ако сакате и вашата приказна за делување во делот на градежништвото на нашите простори, да биде објавена во JUB Магазин, или доколку сакате да се информирате поопширно за некоја тема во делот на градежништвото, а немате каде да се обратите, слободно пишете ни на jub@jub.com.mk или едноставно побарајте не на тел: 02/24 54 027.

До следното видување на есен, ве оставам во добро расположение со боите на чувствата и природата, кои пак ние ги добиваме во нашиот дисперзен производ за внатрешни ѕидни површини Jupol Gold.

Содржина:


- Вовед ........ 03
- Актуелно ........ 04
- Вести ........ 06
- Од наш агол ........ 10
- JUB Интервју ........ 12
- JUB Академија ........ 14
- JUB Техники ........ 20
- JUB Инспирира ........ 22
- Совет ........ 24
- JUB дизајн студио ........ 28
- Референци ........ 31



ISO 9001 Q-159
ISO 14001 E-034

| | |
|---|---|
| Издава | Jub дооел - Скопје |
| Адреса | бул. Јане Сандански бр.79а-3 |
| Телефон | 02/ 2454-027 |
| E-mail | jubmagazin@jub.com.mk |
| Уредник | Катерина Бошкова |
| Редакциски одбор | JUB дооел - Скопје |
| Дизајн | Катерина Бошкова |
| Припрема и печати | Макстен графика - Скопје |

# Го вративме автентичниот лик на фасадата на гевгелиската библиотека „Гоце Делчев"

**Фасадата на куќата каде што е сместена библиотеката „Гоце Делчев" во Гевгелија го доби автентичниот лик по реставрацијата и конзервацијата која на крајот од 2013-та година ја изврши стучен тим од Заводот и музеј Струмица.**

Завршните работи на фасадата ги изведе фирмата Макаус од Скопје при што беа употребени соодветни JUB-ови материјали. Изборот на соодветни материјали беше клучно од причини што требаше да се задржи автентичноста на објектот, за што во нашата производна програма постојат токму такви материјали. За пребојување на фасадните делови се употреби силикатна микроармирана боја Revitalcolor silikat во нијанси од JUB-овата тон карта 1043 и 1045, на претходно нанесена силикатна подлога Silikatep-rimer. Бојата хемиски се врзува за подлогата, има одлична покривност и пареопропусност, добра водоодбивност и отпорност на гасови, UV зраци и други атмосферлии. Со цел да се зголеми водообивноста и трајноста на фасадните делови кои се најмногу изложени на атмосферски влијанија се употреби и соодветен силиконски безбоен водоотпорен премазJ ubosilhydrophob.Обновениот објект, кој датира од крајот на 19 век, а од пред десет години е споменик на културата, беше меѓу 250-те објекти од програмата на Министерството за култура за реставрација на фасади од стара градска архитектура.





Објектот по реставрацијата го посети министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска, која информираше дека со скоро 6 милиони денари е направена целосна дренажа на објектот, заменета е покривната конструкција, дрвените прозорци и врати и декоративните елементи на фасадата по кои оваа куќа отсекогаш била препознатлива за Гевгелија. „Задоволство ми е што објектот си го доби вистинскиот архитектонски сјај што го поседува. Оваа година ќе продолжиме и со вториот дел средување на ентериерот. Тоа е помала интервенција која Министерството за култура заедно со надлежната институција ќе ја заврши оваа година„ истакна Канческа-Милевска. Објектот функционира како библиотека по Втората светска војна, а претходно имал други намени и различни сопственици.

По реставрацијата на овој објект, искрено се надеваме дека со нашите материјали ќе учествуваме на разубавување и на други објекти значајни за културното наследство на Република Македонија.


10% GRATIS
10% GRATIS
jupol
Classic
Bela notranja zidna barva - Bijela boja za
unutarnje radove - Bela unutrašnja boja - Bílá
malířská barva - Biela vnútorná maliarska farba
izbor bralcev
TRUSTED BRAND
2013
Reader's Digest
Обојте повеќе.
JUB
Боите го менуваат домот.

# Работата на прво место

**Кога пред неколку броеви на JUB Магазин пишувавме за мајстор Ѓоко, каде тој јасно стави дознаење, дека вложениот труд дава резултати, на наше и негово задоволство мора да признаеме дека бевме потполно во право.**

- Ќе започнеме со првото прашење кое и најмногу не интересира за тоа како до пред некоја година и сега има интерес за декоративните техники на JUB, како и за боењето со JUB – овите материјали во нијанси?
- Да, секако дека има интерес, па секојдневно има објекти каде што ги употребувам материјалите на JUB. За тоа ако ја споредувам оваа година со оние наназад, можам слободно да кажам дека од ден на ден интересот за комбинација на декоративни техники со боење во нијанса е сé поголем. Најинтересно е тоа што ваквите комбинации се бараат за најразлични објекти и потреби како за хотели, ресторани, домови......





- Сé почесто работиме на подобрување на квалитетот на нашите производите, дали досега имавте прилика да испробате дел од тој нов асортиман?
- Во соработка со вработените во JUB Скопје, најмногу со техничките лица како Кузман Стефановски и Горан Анѓелковски, добивам т.н. тестери кои што успевам да ги вградам на места каде мислам дека истите можам да ги испробам баш како што е по техничките листови на JUB, и на мое големо задоволство можам да потврдам дека дисперзните бои за внатрешни ѕидови од класата на JU-POL GOLD, се со далеку подобар квалитет, кој што нема конкуренција досега на нашиот пазар.

- Дали и колку често кога одите на објект, покрај тоа што се изведувач се бара вашето мислење и како „архитект“ за внатрешно уредување?
- Секој кој се решил да прави промена во својот дом, деловен простор итн, веќе има некаква замисла како треба да изгледа просторот. Некој има навистина способност однапред да го замисли изработениот простор, некој има веќе нешто видено во околината каде што се движи, некој се консултира со соседите, пријателите.., некој едноставно се обраќа на вистинското место кај архитектите за внатрешно уредување, а некои едноставно немаат време и желба да се потрудат па тие истите се консултираат со мене. Со задоволство ќе кажам дека не само што го бараат моето мислење како „архитект“ за внатрешно уредување, туку истото и во голема мера го прифаќаат. Секако дека искуството од голем број на објекти кои што ги имам изработено ми дозволува понекогаш кога моите клиенти се несигурни во изборот да им посочам некои мои идејни решенија кои пак ги имам изработено или видено веќе предходно во соработка на вистинските архитекти за внатрешно уредување.





- Дали можете да издвоите дел од производната програма на JUB, со кои најчесто работите?
- Најчеста кобинација на повеќе производи од производната програма на JUB која јас ја користам е Jupol Gold и Jupol Latex Saten секако зависно од потребите и можностите на клиентите. Секогаш кога има простор ги вградувам и декоративните техники за внатрешни ѕидни површини како оние попознатите: Marmorin, Art Color, Jubosil Antic … така и сега новите техники кои на нас изведувачите ни стојат на располагање: acero, aurora, travertin, versusot кој е навистина баран во последно време, egeo, spatolato и многу други.

- За крај на овој разговор, што можете да издвоите за минатата 2013 година, што ќе ви остане во секавање од соработката со JUB во Македонија?
- Им благодарам на вработените во JUB во Македонија, што ми овозможија да ги посетам нивните фабрики во Србија и Словенија, како и за прекрасната дружба што ја имав додека ги следевме натпреварите на нашите кошаркати на евро баскетот 2013 во Јесеница.





# ПРОИЗВОДИ ЗА ЗАШТИТА И ДЕКОРИРАЊЕ НА ДРВЕНИ И МЕТАЛНИ ПОВРШИНИ

**Со цел на своите ценети потрошувачи да им понуди најдобри решенија за заштита и декорирање на производите од дрво и метал, JUB ја дополни постоечката линија производи на водена база со воведување на новитети и редизајнирање на амбалажата. Но отидовме и чекор понатаму проширувајќи го асортиманот во делот на покривни и транспарентни премази на алкидна основа. Со воведување на алкидните премази во асортиманот ја комплетиравме својата понуда и на купувачите им овозможивме на едно место да пронајдат производи согласно своите барања, било да се навикнати на традиционалните производи или да се насочени кон производите со нови технологии.**

JUBINI - АЛКИДНА ЛИНИЈА




СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА И ДЕКОРИРАЊЕ НА ДРВЕНИ ПОВРШИНИ

Дрвото како природен материјал е изложено на климатски промени и атмосферски влијанија (сонце, дожд, снег,ветер, загаден воздух,...) така што е потребна соодветна заштита од надворешни влијанија. За заштита на дрвото од пропаѓање предизвикано од разни атмосферски влијанија, постојат различни средства за премачкување. Доколку Ваш избор се лазурните премази каде текстурата на дрвото останува видлива, Ви нудиме решение со тенкослојната лазура LAZURTON или дебелослојната LAZURTOP. Од друга страна доколку сакате Вашиот премаз за дрво да има покривност и во потполност да ја прекрие текстурата на дрвото и неговите недостатоци, Ваш избор е EMAJL LAK UNIVERZAL. Во двата случаи (воден или алкиден систем за заштита) внимателно подготвената подлога е најважен фактор за успешно боење.

JUBIN Impregnacija е производ наменет за превентивна заштита на дрвени конструкции и столарија, од инсекти, габички и вода, пред боење со лазурните премази. Посебно е погоден за дрвени површини кои се изложени на директни климатски влијанија. Се користи заедно во систем со LAZURTOP и LAZURTON.

Употреба: Производот неразреден го нанесуваме на суво, чисто, добро избрусено и отпрашено дрво со четка, валјак, прскање и потопување. Миењето на алатот се изведува со маслен разредувач.
Сушење: 24h во зависност од временските услови
Потрошувачка: ~ 180 ml/m2 во зависност од впивливоста и рапавоста на подлогата
Пакување: 0,75l





JUBIN LAZURTON е тенкослоен алкиден премаз за дрво наменет за декорирање и заштита на дрвена столарија (врати, прозори, греди) и останати дрвени површини во ентериерот и екстериерот. На располагање е во 11 атрактивни нијанси.

Карактеристики:

- UV заштита,
- едноставна апликација.

Употреба: Пред употреба потребно е Lazurton добро да се промеша. Се нанесува неразреден преку JUBIN Impregnacija или на чисто дрво во 2 - 3 наноса во зависност од саканата нијанса и квалитет. Се нанесува со четка, валјак, прскање или со потопување. Задолжително е и брусење меѓу слоевите. Миењето на алатот се изведува со маслен разредувач.

Сушење: 6 – 12 часа.

Нијанси: безбојна, бела, бор, ариш, бука, даб, махагони, тика, орев, палисандер, ебоновина.

Потрошувачка: 1l 9 – 12m$^2$ /l во еден слој, во зависност од видот на дрвото.

Пакување: 0,75l




JUBIN osnova za drvo (wood primer) е алкиден основен премаз за дрво во бела боја. Се употребува како подлога за покривен премаз во системот за заштита на градежна столарија и други дрвени површини во ентериерот и екстериерот.

Карактеристики:

- Ја изедначува подлогата,
- Лесно се бруси,
- Одлична пареопропуснот,
- Едноставна апликација.

Употреба: Производот неразреден го нанесуваме во еден слој, на суво, чисто, добро избрусено и отпрашено дрво со четка, валјак, прскање или сопотопување. Миењето на алатот се изведува со маслен разредувач.

Сушење: 24h во зависност од временските услови

Нијанси: бела.

Потрошувачка: 8 – 10 m2/l во еден слој.

Пакување: 0,75l




JUBIN LAZURTOP е дебело слоен алкиден премаз за дрво, наменет за декорирање, долготрајна и делотворна заштита на сите видови меко и тврдо дрво во ентериерот и екстериерот. На површините им дава полн изглед при што структурата останува видлива. На располагање е во 9 атрактивни нијанси.

Карактеристики:

- UV филтери,
- не содржи биоциди- го заштитува дрвото и од најтешки временски неприлики.

Употреба: Пред употреба потребно е Lazurtopдобро да се промеша. Се нанесува неразреден преку JUBIN Impregnacija или на чисто дрво во 2 - 3 наноса во зависност од саканата нијанса и степенот на оптовареност од атмосферски влијанија. Се нанесува со четка, валјак, прскање или со потопување. Задолжително е и брусење меѓу слоевите. Миењето на алатот се изведува со маслен разредувач.

Сушење: 12 – 24h во зависност од временските услови.

Нијанси: безбојна, бела, бор, ариш, бука, даб, махагони, тика, орев.

Потрошувачка: 5 – 10 m2/lво еден слој.

Пакување: 0,75l и 2,5l.





JUBIN Emajl Lak Univerzal – е алкиден завршен премаз за долготрајна заштита и декорирање на дрвени површини во ентериерот и екстериерот. Се користи во систем со основна боја за дрво. На располагање е во 12 атрактивни нијанси.

Карактеристики:
- трајна декоративна заштита на дрвени површини,
- висок сјај,
- одлична покривност,
- едноставна апликација,
- одлично разлевање,
- добра еластичност и цврстина,
- добра отпорност на временски влијанија.

Употреба: Основната бела боја по сушењето треба да се избруси со брусна хартија бр. 180-220, отпраши и да се нанесе JUBIN emajl lak. Брусењето на основната бела боја е неопходно, а во спротивно се добива незадоволителен, груб изглед на JUBIN emajl lak. Вториот слој од JUBIN emajl lak се нанесува после 24 часа, без меѓубрусења.

Сушење: меѓуслоеви- 24h

Нијанси: бела, слонова коска, окер, жолта, црвена, бордо, светло зелена, темно зелена, сина, сива, кафена, црна.

Потрошувачка: 8 – 10 m2/l во еден слој.

Пакување: 0,75l




СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА И ДЕКОРИРАЊЕ НА МЕТАЛНИ ПОВРШИНИ

Во нашите домови често има и метални површини кои се изложени на влага која што предизвикува процес на корозија. Под дејство на корозијата металните предмети се оштетуваат површински или во целост, по физичко-хемиски пат. Металните предмети секогаш се заштитуваат со основна боја која има антикорозивно дејство и со завршен премаз кој има заштитна декоративна улога.




JUBIN Temeljna za metal (metal primer) е основен премаз за железо кој дава квалитетна антикорозивна заштита за покривниот премаз во системот за заштита на метални конструкции, цевководи, огради, капии, и сл. На располагање е во 2 нијанси.

Карактеристики:
- долготрајна антикорозивна заштита,
- одлично прифаќање за метал,
- добра покривност,
- едноставна апликација.

Употреба: JUBIN Temeljna za metal(metal primer)се нанесува на метална површина која претходно е одмастена и исчистена од р'ѓа. За чистење на метални површини од р'ѓа се користи брусна хартија или челична четка. Површините да се пребришат со крпа натопена во маслен разредувач. Доколку металната површина не е во потполност одмастена доаѓа до лошо прифаќање на основната боја за металната површина.

Сушење: 12h

Нијанси: сива и оксидно црвена.

Потрошувачка: 8 – 10 m2/l во еден слој.

Пакување: 0,75l



JUBIN Emajl Lak Univerzal – е алкиден завршен премаз за долготрајна заштита и декорирање на метални површини во ентериерот и екстериерот. Се користи во систем со основна за метал. На располагање е во 12 атрактивни нијанси.

Карактеристики:

- трајна декоративна заштита на метални површини,
- висок сјај,
- одлична покривност,
- едноставна апликација,
- одлично разлевање,
- добра еластичност и цврстина,
- добра отпорност на временски влијанија.

Употреба: По сушењето од 24h на JUBIN temeljna za metal треба да се нанесе JUBIN emajl lak. По потреба, а со цел добивање подобра површина можно е брусење на основната боја со брусна хартија број 320. Вториот слој JUBIN emajl lak треба да се нанесе после 24h, без меѓубрусење.

Сушење: меѓуслоеви 24h.

Нијанси: бела, слонова коска, окер, жолта, црвена, бордо, светло зелена, темно зелена, сина, сива, кафена, црна.

Пакување: 0,75l.

JUBINI - ВОДЕНА ЛИНИЈА   СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА И ДЕКОРИРАЊЕ НА МЕТАЛИ




Во склоп на производите на водена база, оваа година на пазарот понудивме и 2 нови производа: Jubin metal Primer и Jubin Metal– нова генерација.

Jubin metal Primer е антикорозивен основен премаз за метал. Се употребува во ентериерот и екстериерот за заштита на метални површини изработени од челик, железо, бакар, алуминиум и цинк. Во систем со JUBIN Decor Univrsal погоден е за заштита на метални површини на помалку оптоварени површини (во ентериерот), додека во систем со JUBIN Metal дополнително ја подобрува заштитата на оптоварените површини од корозија и други атмосферлии.




Карактеристики:

- производ не е штетен за околината и корисникот,
- се одликува со брзо сушење,
- нема непријатен мирис,
-соодветен за заштита на метални површини во комбинација со JUBIN METAL и JUBIN DÉCOR,
- соодветен и за обоени метали (алуминиум, цинк, бакар),
- го подобрува прифаќањето на завршните премази,
- едноставно нанесување,
- исклучително ниска содржина на штетни испарливи компоненти (VOC).



Jubin Metal – нова генерација – е антикорозивен премаз за заштита и декорирање на метал. Се употребува за заштита на метални конструкции и други елементи од челик и железо внатре и надвор од градежните објекти, како огради, челичен мебел, столарија, челични шини, декоративни елементи и сл. Во систем со Jubin Metal Primer се употребува за заштита и декорирање на метални површини изработени од обоени метали (цинк, алуминиум, бакар).




Карактеристики:
- производ не е штетен за околината и корисникот,
- директна употреба на метал, без претходно брусење и пескарење до метален сјај,
- основен и покривен премаз во едно,
- брзо сушење,
- соодветен за употреба на надворешни и внатрешни површини,
- едноставно нанесување,
- исклучително ниска содржина на штетни испарливи компоненти (VOC).




JUBIN - разредувач
Производот е наменет за: одмастување на метални површини, миење на алатот, разредување на бои и лакови.

# JUPOL Trend »Limited edition« - 2 нови нијанси на боја

**Високо покривната спремна внатрешна боја во модени нијанси.**

Ви ги претставуваме двете нови трендовски нијаси, кои преогнозираат нови трендови на бои за оваа година:
- JUPOL Trend Sand 80
- JUPOL Trend Old Wood 90

Замислете го својот дом во бои кои диктираат нови трендовски бои и превец на современа архитектура. На располагање ви е освежена палета на наијанси на боја за еднослоен нанос JUPOL Trend. Високопокривната веќе спремна боја за внатрешни ѕидови во нови нијанси ви овозможува брзо и едноставно боење без многу напор.

Карактеристики на JUPOL Trend:
• Широка палета на модерни нијасни, на кои им дододовме уште две нови нијанси Sand и Old Wood,
• Високо покривна – класа 1 (доволен е еден нанос на боја),
• Висико отпорно на мокро триење – класа 2,
• Високо пареопропусна – класа 1,
• Сјај на филмот: длабоко мат,
• Едноставно нанесување,
• Бојата е веќе спремна и не се разредува со вода,
• Потрошувачка: cca. 125 ml/m$^2$,
• Исклучително ниско количество на лесно испарливи органски материи,
• VOC (според барањето EU VOC kat. A/a (2010) 30 g/l): max. 1 g/l,
• Пакување: пластична канта од 2,5l,
Изберете ја посакуваната боја или нијанса, направете неколку потези со ваљакот и тоа е сé!

# Системи од доверба

**Веќе дваесетина години наназад секој има можностсамоиницијативно да го оствари својот сон. Моите почетоци во градежништвото датираат од 2004 година во приватна градежна фирма. Тогаш сеуште не се обрнуваше внимание на енергетската ефикасност на објектите. Изработката на термо фасадите ги бележеше своите почетоци.**

На почетокот на 2006 год. се одлучив да отворам сопствен бизнис, кој подоцна се прошири во семеен. Стартот беше во трговијата со бои и лакови, ламинат, керамички плочки, лепаци за плочки и стиропор. Подоцна инспирација најдов во проблемите што ги имавме со затоплувањето на нашиот дом. Почнав да се интересирам, да се информирам од разни страни и дознав за големата ефикасност на термо фасадите. Со се поголемиот развој и свеста кај луѓето за потребата од заштеда како на електрична енергија и на природните ресурси, така и финансиска заштеда на сопствените парични средства-решивме да го прошириме асортиманот.



На крајот на 2006 год. направив тим од искусни фасадери и првата термо фасада ја направивме во Галичник. Наредната година повторно отидов во Галичник, но не за работа тука на галичка свадба и случајно се видов со сопствениците на куќата-беше прекрасно чуството да се види воодушевувањето во очите на сопствениците и да се чујат пофалбите и благодарноста за заштедата на средствата за греење и ладење. Посебно бев горд на себе и својот тим што, иако објектот е енергетски ефикасен по најновите стандарди и технологија, тој го задржа изгледот на автентичните градби на старите галички мајстори.

Со текот на работењето, дојдов во контакт со производите на JUB. Се воодушевив од нивниот голем асортиман којшто може да одговори на сите потреби и проблеми со кои се соочуваме. Почнавме да ги користиме се повеќе, посебно потпирајќи се на нивниот квалитет и на гаранцијата што ја нудат, што и кај мене и кај моите клиенти создава безгранична доверба. Посебно сум благодарен на стручниот тим на JUB кој постојано ни излегува во пресрет во поглед на презентации за дополнителна обука на фасадерите, како и на целокупната техничка поддршка во секое време.

Денес, АЛЕКС КОЛОР е искусна компанија за професионална изработка на термо фасади, во која 11 редовно вработени ја обезбедуваат својата егзистенција. Бидејќи фасадата е поголема инвестиција и со цел да им излеземе во пресрет на клиентите овозможивме и плаќање на рати. Развојот на свеста за енергетската ефикасност и позитивните законски норми, бара од нас да продолжиме со развој и да ја прошириме својата работа. Ја согледавме потребата да некои луѓе сами се зафатат со предизвикот да набават матерјал за изведба на фасада на сопствениот објект. На тој начин, само по себе се постави прашањето за отворањето на ново стовариште во населба Карпош-3 во кругот на ресторанот за свадби ИМЕС.Нашето стовариште пред се,е снабдено со материјали за термо фасадирање и се што е потребно за внатрешна и надворешна изолација. Посебно место таму заземаат производите на JUB, коишто и пона тамуќебидатониенакоиќесепотпирамевоградењенасепо широкотореноме на АЛЕКС КОЛОР. Убавое чувството со доверба да можеш да се потпреш на некого и да не се грижиш за развој на иднината на својата фирма.



# JUB АКАДЕМИЈА

**Ние во JUB, секогаш сме отврени за најразлична соработка со нашите соработници и крајни корисници на производите од JUB – овиот производен програм. За таа намена како што веќе претходно знаете во просториите на JUB во Скопје, има направено и работилница за усовршување на постапките на вградување на материјалите.**

Презентациите кои ги одржуваме сé од големо начење за сите оние кои ги посетуваат, нашето знаење го пренесуваме за сите JUB - ови производи, а особено внимание посветуваме на JUB – овите системи како што се:JUBIZOL, HIDROSOL,JUBOSAN и на оптималните решенија за пребојување на внатрешни и надворешни површини, за избор на материјали нивно правилно вградување и конечно, сé што добиваме со вградување на еден систем или оптимално техничко решение кој пред сé гарантира





квалитет. Презентациите за сите заинтересирани ги одржувамево нашиот информативен центар или пак во организација на трговци, фирми, групи кои веќе работат или планираат да работат со JUB – овите материјали.
Со оваа информација Ве покануваме и Вас останатите кои досега не сте нé посетиле да го направите истото.

JUB Academy **Календар на одржани презентации**

| ДАТУМ | ОРГАНИЗАТОР | ГРАД | ЦЕЛНА ГРУПА | ТЕМА |
|---|---|---|---|---|
| 21.08.2013 | JUB дооел (ВБ Проект Дизајн) | Скопје | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 16.09.2013 | JUB дооел (Термофас инженеринг-Вевчани) | Скопје | изведувачи | Jubizol Fasada |
| 25.09.2013 | Била - Битола | Битола | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 27.09.2013 | Зибинг | Тетово | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 01.10.2013 | JUB дооел (МиС фасади/Скопје) | Скопје | изведувачи | Jubizol Fasada |
| 02.10.2013 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Внатрешна програма, декоратива |
| 04.10.2013 | JUB дооел (Мирана-Велес) | Скопје | инвеститори | JUB -ов асортиман |
| 17.10.2013 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Jubizol Fasada |
| 24.10.2013 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Внатрешна програма, декоратива |
| 30.10.2013 | Иве Стил | Радовиш | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 06.11.2013 | JUB дооел (Јаград-Вевчани) | Скопје | изведувачи | Jubizol Fasada |
| 07.11.2013 | JUB дооел (Компанија Велкоски) | Скопје | комерцијалисти | JUB -ов асортиман |
| 12.11.2013 | JUB дооел (ВБ Проект Дизајн) | Скопје | изведувачи | Jubizol Fasada |
| 04.12.2013 | Компанија Велкоски | Скопје | комерцијалисти | JUB -ов асортиман |

# JUBIZOL ENGINEERING

**Бесплатната програма JUBIZOL ENGINEERING Ви овозможува брза пресметка на потребната дебелина на топлотноизолациската облога и заштеда на трошоците за загревање. На располагање Ви е и подетален увид во градежно физичките својства на градежните конструкции во рубриката Градежна физика, помош при изборот на вистинскиот фасаден систем за вашата зграда во рубриката JUBIZOL фасаден систем и библиотека на градежни детали во рубриката Градежни детали.**




Во овој број на JUB магазин ќе ве водиме низ програмата чекор по чекор опфаќајки ги сите фази до конечната пресметка.

Основно е на почеток да ја посетите нашата интернет страна www.jub.com.mk и со едноставно кликнување на програмата JUBIZOL ENGINEERING да се најавите.



Со кликнување на Jubizol fasaden sistem одбираме некој од предложените топлотноизолациски фасадни системи, на пример Jubizol Standard, каде по скратена постапка можеме да ги одредиме сите материјали потребни за изработка на овој фасаден систем на објектот кој планираме да го изолираме.










Меѓутоа доколку сакаме да ја одредиме оптималната дебелина на изолацискиот слој со која сакаме да го изолираме објектот, а во зависност од местоположбата, ветровната зона како и просечните надворешни температури во областа каде објектот се наоѓа, тогаш на располагање ни е делот од градежната физика.
Најпрво е потребно да се пријавиме, и тоа со кликнување на иконата означена со стрелка на сликата, а потоа и да се регистрираме како корисник на програмата со кликнување во полето ТУКА.

Податоците кои се бараат за регистрација ги испраќаме и за најмногу 2-3 дена се добива повратен одговор со корисничко име и лозинка. По одобрениот пристап за користење на програмата можеме да започнеме со впишување на податоци за нарачателот на проектот(пр. Стојан Стојановски), па избор на локација (пр. Битола) и вид на објект (пр.станбена куќа) како што е прикажано на сликата.



Промените се зачувуваат со кликнување на иконата за зачувување на податоци, а потоа со кликнување на стрелката во долниот десен агол преминуваме во наредната фаза (нареден чекор).







Потоа се кликнува на полето " Во ред" при што се добива подетален извештај, односно резултати од пресметката. Од резултатите се гледа дека не доаѓа до кондензација на водена пара на површината и во конструкцијата, како и податокот за топлотната преодност "U" која во овој случај изнесува 0,25 и е помала од дозволената 0,28 (вредноста 0,28 е стандардна вредност пропишана според правилникот за енергетска ефикасност во EU).




Тука со кликнување во делот на Jubizol fasada (означено со стрелката) се отвора нов „прозор„ каде е потребно да се внесат податоците за објектот (висина, постоечка заштита, дебелина на изолација (пр.15см),завршен малтер, гранулација и лепило.




Со кликнување на стрелката долу десно ни се прикажува комплетниот извештај за направената пресметка на заштедените трошоци за греење, односно испсот на градежната физика од кој се гледа дека одбраниот топлотно изолациски фасаден систем одговара на барањата за ефикасно користење на енергијата во објектот.

www.jub.eu

## Извештај на градежната физика

Проект: **Toplotna izolacija**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Нарачател: | Stojan Stojanovski | Пресметката ја: | Jubizol Engineering |
| Адреса: | – | Адреса: | Dol pri Ljubljani 28 |
| Место: | 7000 Bitola | Место: | Dol pri Ljubljani |
| Телефон: | 070 000 000 | Телефон: | 015884159 |
| E-пошта: | | E-пошта: | jubizol.engineering@gmail.com |

### Податоци за зградата

| | |
|---|---|
| Вид на зградата: | Станбена куќа |
| Корисна површина во основа: | 100 $m^2$ |
| Размена на воздухот на час: | 0,5 1/h |

### Микроклиматски податоци

| | |
|---|---|
| Локација: | Битола (Вели градови) |
| Температурен недостаток: | 3300 K.ден |
| Траење на грејната сезона: | 235 денови |
| Проектирана надворешна температура: | -5°C |

| | Период на навлажнување (во зима) | Период на исушување (во лето) |
|---|---|---|
| Температура на надворешниот воздух: | 5°C | 18°C |
| Температура на внатрешниот воздух: | 20°C | 18°C |
| Релативна влажност на надворешниот | 90% | 65% |
| Релативна влажност на внатрешниот | 65% | 65% |
| Пресметан број на денови на дифузија: | 60 денови | 60 денови |

### Градежни конструкции

| |
|---|
| 1. |



JUBIZOL

www.jub.eu

## Извештај на градежната физика

Проект: **Toplotna izolacija**

Градежна конструкција:

Вид на конструкцијата: Надворешни ѕидови и ѕидови кон незагреан простор

Градежна конструкција: Е СООДВЕТНА

### Слоеви на конструкцијата

| Слој | Материјал | Дебелина (cm) | Густина (kg/m³) | Спец. топл. (J/kgK) | Топлотна провод. (W/mK) | Дифуз. (-) | Топл. отпор. (m²K/W) | Дифуз. отпор (m) | Темп. (°C) | Притисок на (kPa) | Делумен (kPa) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - | Внатрешен граничен | - | - | - | - | 1 | 0,1300 | - | 20,0 | 2,338 | - |
| 1 | EPS LEPILNA MALTA | 0,50 | 1445 | 1050 | 0,930 | 30 | 0,0054 | 0,150 | 19,5 | 2,269 | 1,520 |
| 2 | JUBIZOL EPS | 15,00 | 15 | 1300 | 0,039 | 30 | 3,8462 | 4,500 | 19,5 | 2,266 | 1,498 |
| 3 | EPS LEPILNA MALTA | 0,30 | 1445 | 1050 | 0,930 | 30 | 0,0032 | 0,090 | 5,2 | 0,884 | 0,839 |
| 4 | UNIGRUND | 0,02 | 1600 | 1050 | 1,000 | 400 | 0,0002 | 0,080 | 5,2 | 0,883 | 0,826 |
| 5 | AKRILNI GLAJEN OMET 1.5 | 0,15 | 1575 | 1050 | 0,870 | 130 | 0,0017 | 0,195 | 5,2 | 0,883 | 0,814 |
| - | Надворешен граничен | - | - | - | - | 1 | 0,0400 | - | 5,1 | 0,882 | 0,786 |
| - | Околина | - | - | - | - | - | - | - | 5,0 | 0,873 | - |
| | Вкупно | 15,97 | | | | | 4,0267 | 5,015 | | | |

### Топлотна преоднос

**U = 0,25 W/m²K**

Дозволена вредност за конструкцијата $U_{max}$ = 0,28 W/m²K

Топлотната преодност на конструкцијата е во дозволените граници

### Дифузиски проток на водената пара

На површините не доаѓа до кондензација на водената пареа

Густина на дифузискиот проток на водената пареа, која влегува во конструкцијата: **0,091 g/m²h**

Густина на дифузискиот проток на водената пареа, која излегува од конструкцијата: **0,091 g/m²h**

Количина на кондензирана водена пареа, која останува внатре во конструкцијата: **0,000 g/m²h**

Вкупна количина на кондензирана водена пареа внатре во градежната конструкција при завршување на дифузијата на водената пареа: **0,0 g/m²**

Во конструкцијата не доаѓа до кондензација на водената пареа



JUBIZOL

www.jub.eu

## Извештај на градежната физика

Проект: **Toplotna izolacija**

Градежна конструкција:

Вид на конструкцијата: Надворешни ѕидови и ѕидови кон незагреан простор

Градежна конструкција: Е СООДВЕТНА

| | |
|---|---|
| Контрола на навлажнување | - |
| Просечна пресметана влажност на | - |
| Зголемување на влажноста поради | - |
| Вкупна влажност на масата на | - |
| Најголема дозволена влажност на маса | - |
| Навлажнување на слојот | Во конструкцијата не доаѓа до кондензација на водената пареа |

### Дијаграм на топлинскиот проток




### Дијаграм на дифузијата




### Опасност од кондензација









JUBIZOL

# 20 ГОДИНИ ПРОЛЕТ КОМЕРЦ
## од маалска железара до еден од најголемите продажни центри на локално ниво

**Во 1994 година, голем дел од луѓето за време на транзицијаостанаа без работа, истата судбина не најде мене и мојата сопруга. Во тие времиња борбата за егзистенција беше тешка и макотрпна. Тогаш одлучивме да започнеме со семејниот бизнис, кој пред сé ни беше основен извор на егзистенција.**



Претходно немавме искуство со трговија, работевме во индустриски капацитети, кои за жал, во тоа време почнаа да се распаѓаат.

Така, на почетокот започнавме со трговија на метални производи (профили, цевки, лимови и сл.), а со текот на времето нашиот асортиман го проширивме според потребите на пазарот.

Денес, нудиме доста широк асортиман на производи, како на пример метални производи, бои и лакови, производи за довод и одвод, електрика, штрафовска роба, гипс картони постепено водечка гранка ни станува изрботката на JUBIZOL фасадните системи по мерка, или со една реченица - сé што е потребно за опремување и уредување на еден дом. Засега нашите производи ги пласираме на локалниот пазар, но следна цел, која се надеваме дека ќе ја реализираме во блиска иднина, е да настапиме на меѓународните пазари.

Во голема мера имаме соработка со други македонски компании. Нашата земја е мала и мораме взаемно да комуницираме и со други компании, па секаде каде што имаме интерес и гледаме можност за соработка, ние го правиме тоа.

Побарувачка за користење на нашите производи на локалниот пазар има, но со самото тоа што во последно време е намалено градењето на нови објекти, сепак се чувствува дека економската моќ на граѓаните е прилично намалена.

Во годините наназад, научивме дека за да се постигне успех во нашата дејност, пред сé потребна е чесност во работењетоа и секако многу труд. Мотото на нашата компанија е“Сé што Ви треба е Пролет Комерц - решение за сé”. Маркетиншкото претставување на нашите производи е аспект на кој во последно време обрнуваме големо внимание. Се трудиме постојано да вршиме промоции и обуки за користење на нашите производи, бидејќи технологијата оди напред и производите постојано се усовршуваат,а ние сакаме на нашите потрошувачи секогаш да им ги преставиме најновите достигнувања во нашата област.



Особено оваа година планираме да стави посебен акцент на маркетиншкото преставување по повод 20 години од постоње од нашата компанија. За таа цел изработивме и компетен маркетинг план за цела година во кој се предвидени повеќе активности, особено во пролетниот дел од сезоната каде што учество ке земат сите поголеми брендови кои што ги застапавуме, а посебен акцент ќе ставиме на производите на JUPOL и JUBIZOL системот.




Кога ќе погледнеме наназат низ времето и се потсетиме дека почнувајќи од нула, успеавме да изградиме компанија со високо реноме, која секоја година остварува се повисоки резултати, не ни останува ништо друго, освен да бидеме задоволни и горди на успехот.

Во Македонија имаме огромна конкуренција, а тоа што нам не разликува од останатите е целосна посветеност, максималната отвореност и љубовта со која пристапуваме кон задоволувањето на потрошувачите.




Тие знаат да го препознаат нашиот квалитет, особено на локално ниво, каде што важиме за една од поугледните компании од нашата бранша. Тоа го докажува и долгиот список на клиенти, меѓу кои се вбројуваат скоро сите поуспешни компании во градот Велес.

Инвестициите се неизбежен дел од нашиот бизнис и затоа ние постојано вложуваме во нешто ново. Пред само неколку години отворивме нов продажен салон со магацински простор од 700м$^{2}$, а во меѓувреме продолживме да инвестираме во ново градежно земјиште на кое веќе градиме нов продажен објект, неколку пати поголем и помодерен, со кој планираме да станеме дефинитивни лидери во нашата бранша на локалниот и регионалниот пазар.

Нашите две деца, на чија што помош се надеваме во иднина, од скоро се дипломирани економисти, полни со ентузијазам, елан за работа и желба за докажување, и сето тоа во насока на нивен личен просперитет, како и раст и развој на семејниот бизнис.





# Еластични маси за дихтување

## Без неочекувано излевање на вода во бања



Во бањите, кујните или воопшто во нашите простории, поради оштетување на инсталациите или од други различни причини, доаѓа до неочекувано излевање на вода, важен елемент на кој не смееме да заборавиме е хидроизолацијата на подови и ѕидови. Најчеста причина за „поплавите во домовите" се пукнати цевки за вода за пиење, запушени одводни цевки или едноставно невнимание при полнење на кадата со вода која ќе ни излее од рабовите на кадата. Отстоената вода може низ слабите места во подовите да помине во просториите под нас и за направи штета и на другите станари во зградата. Кај монтажните објекти, водата може да остави и непоправливи последици на дрвените делови на таванските конструкции, затоа мора да се посвети посебно внимание при вградувањето на хидроизолацијата на овие делови од објектот.

Во случаите кога со класична хидроизолација не можеме да го постигнеме соодветна заштита за дихтување, (пред сé кај пробивот на инсталационите цевки, сифонот, одводите за тушеви и сл.) се употребува еластична маса за дихтување на пример HIDROZOL Elastik. HIDROZOL Elastikot има поголема предност бидејќи со него можеме да направиме водонепропусен слој без поголеми преклопи и нерамнини, а воедно и спојување на клучните места обезбедувајќи соодветна еластичнот.
HIDROZOL Elastikot е направен на база на цемент и полимерни врзива, па затоа добро се прифаќа на сите видови на цемент и на многу други подлоги (на пр. OSB панели или влакненоцемнети плочи кај монтажните објекти). Добар резултат дава со дебелина на нанос од 3 – 5 mm. непосредно врз него, без употреба на други премази, може да се залепат керамички плочки, за чие лепење се употребува лепак за керамика AKRINOL Elastik. Подната конструкција може да биде и по тенка, затоа што со ваков начин на лепење на плочки се избегнува зголемување на дебелината на подната конструкција поради вградување на елементите во бањата.



1. Нанесување на 1 слој со помош на поголема четка



2. Нанесување на HIDROZOL Elastik со помош на молерска гletarka на претходно нанесениот 1 слој на цевката



3. Втиснување на еластични ленти во сеуште свежиот нанос на хидроизолационата маса. Лентата претходно се засекува до половината, која е означена со црна линија



4. Повторно нанесување на HIDROZOL Elastik на хоризонталната површина со втиснување на манжетни во кои претходно се засечени отворите според величината на цевката




5. Втиснување на еластични ленти во слојот на HIDROZOL Elastik нанесен на под и сид






6. Втиснување на мрежата (само на хоризонтални површини) во 2 слој, кој е нанесен со помош на глетарка

7. Нанесување на последниот 3 слој на HIDROZOL Elastik со помош на глетарка.



# Круна на боењето

**За некои луѓе велиме дека светот го гледаат низ розеви очила. Боите во голема мера влијаат на тоа како ќе го гледаме светот. И додека розевите очила можат да ни дадато поглшна слика и сé ќе ни обојат во розево, т.е. вистинска слика на вистинско место, може да ни помогне, за животот да ни биде повесел, а здравјето одлично.**

Вистинскиот избор на бојата во околината во која живееме, повеќе влијае на здравјето, отколку на естетскиот изглед, иако и тоа не треба да се запостави, затоа што на крајот, тоа што ни одговара на очите, ни одговара и за душата. А здрава душа значи и здраво тело. Јасно е дека боите се важни и комбинации на бои има безброј.

Работи кои мора да ги знаете пред да почнете со уредување на ентериерот.

Чувството на рамнотежа е важен во формалното уредување на просторот. Во формалните простории се користи симетрија, а кај неформалните дизајни истата не е важна – потребно е предметите да бидат поставени асиметрично.

При групирање на повеќе предмети, се зема во обзир нивната висина и големина. Ова важи за свеќи, рамки, тегли или било кои други интересни предмети кои го обогатуваат просторот. Истото така треба да се користат непарни броеви при групирање на предметите како на пример: три рамки или пет свеќи итн.

Осветлувањето е едноставен начин за добивање на моментално чувство. Одберете светлечки елементи кои го потполнуваат дизајнот во просторот. Не морате да се задржите на едно или трис светлечки елементи, можете да ги употребите сите од висечки лустери па се до вградени светилки.

Ѕидовите се совршено сликарско платно. Зошто? Затоа што покатј различните нијасни на бои, на нив можете да додадете интересни детали издработени со различни декоративни техники, кои во вашиот простор ќе направи уникатен изглед. Полици, книги, огледала – нивната употреба е безконечна, а се зависи од тоа каков краен ефект сакате да постигнете.

Секако не треба да се изостават подовите. Нема потреба од килим кои се протега од ѕид до ѕид. Вашиот простор ќе биде многу по интересен доколку во нив ставите мали парчина на килим. Кога одбирате парќиња килим, треба да имате во предвид, дека тие траба да бидат во боја и тоа во контрасна боја од мебелот.

Бојата е дел од широкиот електромагнетен спектар, кој вклучува и микробранови и светлост. Направени се многу испитувања за то а како влијае бојата на човекот, меѓу првите кои ја истакнаа важното на бојата е и Макс Лушер, кој во средината на 20 век измисли тест од бои за утврдување на личноста.

Замислете си да треба, цел ден да го поминете во иста просторија. Замислете таа просторија да е во бои, мебелот нежно жолт и портокалов, на подот да има син килим, а во аглите да има големо и зелено растение. А сега замислете си просторија во која е сé црно, сиво и бело. Во која од овие две простории попрво би го моминале денот? Ако се како повеќете, тогаш во онаа со боите. Дури и луѓето кои неможат да ги разликуваат боите, ќе го осетат нивното влијание, затоа што мозокот не ги доживува боите само преку видот туку и преку други центри, особено преку кожата која е наш најголем фоторецептор.

Пред некое време, авио компаниите, открија дека внатрешните простории обоени во сино, ги зголемуваат тешкотиите на патниците кои се плашат од летање. Болниците традиционало беа обоени во бела боја, но во последниве години и они на големо почнаа да експериментираат со влијанието на боите на пациентите.

Црвената боја може да влијае подсвесно и да го активита мозокот, но премногу голема употреба на црвената боја може да го промени и пулсот, а можеда направи и агресивност. Сината и зелената боја во главно делуваат смирено и го поттикнуваат развојот на нови дела. Жолтата боја во мали количини делува стимулативно, но преголемата употреба на истата може да предизвика иа нервоза.

Многу често бојата на психата на луѓето делува како асоцијација. Тогаш влијането е индивидуално, во зависност од искуствата на поединците и асоцијациите поврзани за одредени бои. Испитувајќи го влијанието на боите врз менталните способности на луѓето, во Германија една група на деца се пуштени да играат во соба које е обоена во јаки нијанси, а друга во соба обоена со бела, црна и кафена боја. Отриено е дека децата кои си играле во собата обоена со јаки наијанси, веднаш покажале пораст на коефициентот на интелегенција, додека кај децата кои биле во „необноената" соба, забележа е пад. Испитувањата направени на база памтење на бои и зборови, покажале дека памтењето на боите е поголемо отколку на зборовите.

Сакате ли да ја пронајдете вашата шема на бои? Инспирацијата побарајте ја во природата, таа во текот на целата година ни ги подарува најубавите бои.
Ладните бои имаат тенденција да делуваат смирувачки. На еден дел од спектарот овие бои се ладни, безлични, додека на другиот крај на спектарот се смирувачки и пријатни. Сина, зелена, неутрално бела, сива и сребрена боје се пример за ладни бои. Во природата сина е водата, морето, океанот, небото... зелени се растенијата, природата, живиот свет... комбинирајте ја сината и зелената за да добиете природна, водена палета на боја. Премногу ладна палета на боја, ублажи те ја со додавање на топли бои, како што се црвената или портокаловата боја. Доколку скате да добиете топлина само со сина боја, одберете потемни сини нијанси со примеси на црвена боја, но не пурпурна боја, ниту многу темна сина боја.
Ладните бои помалку се истакнуваат визиелно, во однос на топлите бои и како да се во позадина. Така црвената, визуелно доминира над сината иако и двете бои се присутни во иста количина.
Топлите бои не́ подигнуваат и придвижуваат. Топлината на црвената, жолтата и портокаловат боја доведуваат до чувство на возбуда, но не ретко и до чувство на бес. Овие бои ги пренесуваат емоциите од едноствен оптимизам до многу насилства. Неутралните црна и кафена боја исто така се сметаат за топли бои.
Во природата топлите бои ја представуваат промената на земјата, како што се промените на годишните времиња, ерупциите на вулканите. За ублажување на силните емоции на палетата на топли бои, треба да се користат смирувачките и неутрални бои, или светли нијанси на топли бои, како што се розевата, бледо жолтата или бојата на праска.
Жолтата и црната боја создаваат најверојатно една од најефикасните коминации на бои. Го привлекуваат вниманието повеќе одколку што е тоа возможно од било која друга комбинација на бои.
Во природата, животните со овие бои на телото не́ предушредуваат за својата опасност, а воедно и не́ привлекуваат со својата убавина. Ни во сообраќајот не случајно се одбтани токму овие две бои за знаците за внимание на патот.
Како жолтата и црната да се вклопат во ентериерот?
Жолтата боја е бојата на сонцето. Таа оживува, го стимулира вниманието и концентрацијата. Симболизира мудрост. Користејќи ја оваа весела боја во комбинација со елегантната црна боја, се создава простор кој плени со својата софистицираност. Оваа комбинација на бои е пријатна за око и одговара за декоја ваша просторија во домот.
Мали совети за жолтата и црната боја во ентериерот.
При коминирањето на овие две бои обрните внимание на делот на секоја од нив. Двете бои по својата природа се доминантни, но кога станува збор за ентериерот со овие бои, препорачливо е едната да биде примарна, додека со другата се истакнуваат детали. Во ентериерот со жолтата и црната, одговараат и белата, сивата и пастелните тонови, кои во севкупниот амбиент даваат баланс и рамнотежа.





Совети за уредување на домот во сива боја

• Сивата боја е мирна, достоинствена, сериозна. Доколку станот го уредите со преовладување на сите нијанси на сива, ќе добиете впечаток на ненаметливот и тишина.

• Доколку сакате со сивата да ги искомбинирате и другите бои, слободно можете да ја одберете било која друга боја, затоа што потполната неутралност на сивата дозволува секоја боја од спектарот да дојде до истакнување.

• Светло сивите нијански се многу нежни и делуваат меко и мирно.

• Сребрените тонови носат елеганција, дидека останатите металик нијнси делуваат многу ладно, па се употребуваат во околина на други топли бои.

• Темно сивите нијанси создаваат добар контраст со црвената, жолтата и портокаловата, а за потполно смирувачки амбиент може да се комбинираат палетета на виолетова и розева.

• Сивата боја, во сите нијанси е одлична како позадина на уметнички слики во малата куќна галерија.

• Доколку сакате сивата боја да ја комбинирате со некоја друга боја на пример со зелена одберете нијанса на сива која во себе содржи малку зелена нота и ќе добиете исклучително хармоничен однос на бои.





Кафената боја се наоѓа во сите нијанси помеѓу црната и црвената, а нејзините прелевања се од окер до кафена. Таква боја добива и овенатиот лист во есен, па и целата есен која носи меланхолија и размислувања за минатото. Кафената боја дава чувство на густина, мекост и топлина и затоа е совршена за затоплување на ладните простории. Таа е сензитивна, осетлива и топла, и дава чувство на смиреност и удобност. Некои нијанси на кафената боја можат да покажат степен на софистицираност и елегантност, во зависност од кобинацитана на другите бои со неа. Кафената боја е боја на земјата, осаменоста и смирувањето. Создава чувство на смиреност, заедништво и остава впечаток на цврстина. Меѓутоа премногу кафена боја може да селува безнадежно и старо, затоа што се поврзува со рустикалните материјали. Во своите најсветли варијанти, како што се боите беж, кафената во просторот дава истовремено топлина и елеганција.

Совети за уредување на домот во кафена боја

• Кафена тоба во сите нејзоно варијанти е вообичаена боја за мебел, меѓутоа како боја на ѕидови не се користи често, барем не како темна нијанса.

• Доколку се одлучите на вашиот ѕид или ѕидови да ставите боја во нијанса на чоколадо, во просторот ќе добиете неочекува длабочина и мек кадифен впечаток. Во тој случај, одберете ванила или крем бела боја за мебелот.



• Темно кафените нијанси одлично се софпаѓаат со целата палета на виолетовата и розевата боја, многу е необична со тиркизната боја, додека со црвена, жолта и портокаловата нијанса премногу го затоплува просторот.
• Светло кафените нијанси се разликуваат по количината на сива, жолта и црвена боја: сивата боја прави палета од беж до бојата на црно кафе, со жолта се добиваат окер нијансите, а со црвената нијансите се движат од бакарна до кафено – бордо нијани.
• Кај ткаениниите кафена боја дава густина и мекост, па затоа тешките материјали, најдобро одговараат во таа боја.





Визуелна игра со боите

Тесни долги ходници, како и претените соби, ќе се прошират така што на еден од двата долги ѕида се стави темна или потемна боја од останатите ѕидови. Итото правило важи и за сите мали простории во кои сакате да се стават вои.

Во станови со високи тавани, ѕидовите не треба да се бојат до спојот на таваните, туку границата да се спушти пониско, на пример на ѕид од 3 m, треба да се обои до висина од 2,7 m, а на висина од 3,8 m, боењето да се заврши на 3,3 m. Така вертикално ќе се урамнотежи просторот и визуелно ќе го спушти таванот. Во спротивно, доколку ѕидот се обои до таванот, собата ќе биде по висока.

Слично правило важи и за многу ниските тавани., ако таваните во станот се пониски од 2,4 m, ѕидовите треба да се обојат до висинаод околу 1,5 m – 1,7 m, односно од прилика нешто помалку повеќе од половина на висината на ѕидот. Така ќе се постигне илузија во висината, истото може да се постигне и со боење на вертикални линии, со хоризонтални линии ќе се намали висината на таванот.

Доколку домот се наоѓа на поткровје, никако не смее косиот кров да се бои во темна или интензивна нијанса – така може да се постигне ефект на претежок таван и на видливоста во просторот. Доколку сакате да добиете елегантен и смирувачки впечаток, треба да се одбере палета на сродни бои од ист интензитет, ида се употреби една боја во повеќе нијанси.

Ако не сакате да го преплавите домот со бои, но и никако не сакате домот да ви биде во бела боја, тогаш во секоја соба можете да направите по еден доминантен ѕид. Ако ја сакате црвената боја како доминантна, тогаш пребојте еден ѕид или дел од ѕид во црвена, а во истата таа боја опремете го просторот со некои детали, како на пример: украси, вази и сл. Се останато нека биде во изедначена тонска скала на некоја друга боја, по можност неутрална (со црвена како неутрална, може да се комбинираат сите нијанси на беж или сива боја). За ѕидот кој ќе биде доминантен во просторот одберете некоја раскошна боја, кја ќе го привлекува погледот, па тоа нека го направи на најдобар начин.

Доколку сакате да го обоите ѕидот во две бои, и тоа една над друга, правило е да долнито дел од ѕидот биде во потемна боја, а горниот во светла боја. Долниот ѕид да биде до висина на ѕидот од 1m. Ако се одлучите за колористичка варијанта, наместо светла и темна боја, да користите иста боја во две различни нијанси, истите треба да ги одвоите со една бела хоризонтална лента.

Целиот дом визуелно ќе се поврзе, ако без разлика на тоа колку бои имате употребено во целиот дом, една од нив ја упоребите во сите простории не само како боја на ѕид, туку и како детали во просторот.





# НОВО!НОВО!НОВО!

**JUB на пазарот оваа година повторно ќе пласира неколку нови производи, а паралелно веќе ги подобри и формулациите на некои од добро познатите наши брендови:**

JUPOL GOLD - НОВА ГЕНЕРАЦИЈА

Добро познатиот наш бренд Jupol Gold од почетокот на 2014 е реформулиран, при што новата формула ќе ни овозможи:

- подобри апликативни својства,
- подобра перивост (од класа 3 во класа 2),
- подобар мат изглед (помала видливост на грешките),
- намалена флекавост, траги од валјак, оцртување, преклопи,.... кај темните нијанси на слабите подлоги,
- намалено засушување на бојата на капакот и ѕидовите од амбалажата
- подолго отворено време за работа,

Согласно новата формулација а заради специфичноста на одредени пигменти, чистите жолти и црвени нијанси сега наместо од транспарентната база 1000 ќе може да се добијат од полутранспарентната 2000.

Претходно, по старата рецептура од 15 лит. пакување од сите бази (1000, 1001, 2000) достигнувавме 85m2 пребоена површина во два слоја, а сега:

- бела 1001 ... 85$m^2$,
- база 2000 .....97$m^2$,
- база 1000 ....115-120$m^2$,




AKRINOL LIGHT – ново лепило за керамика

Akrinol light е лесно, високо ефективно цементно градежно лепило со додаток на EPS гранулат. Соодветно е за лепење на керамички плочки, клинкер на непроблематични ѕидни и подни површини, како и за лепење на подна керамика во објекти со подно греење. Главно се употребува за внатрешни и непроблематични надворешни површини. Во однос на останатите лепила за керамика ги има следните 4 главни предности:

- до 40 % поголема ефективност (во однос на другите),
- лесен нанос (мек),
- продолжено отворено време (над 30мин.),
- дебелина на наносот до 5 mm (кај другите е до 3mm).

Пакување: хартиени вреќи 20kg.





Со цел да бидеме во чекор со трендовите, технологиите и потребите на нашите корисници, подготвивме и нова варијанта на Kulirplast 1,8 mm која Ви овозможува:
- лесна апликација (минимално промешување и едноставно вградување),
- разнобојни мермерни гранулати во склад со природата и околината,
- долготрајна отпорност на алги и мувла,

Основни карактеристики:
• акрилен обоен мермерен малтер со гранулација 1,8 mm,
• одличен однос на цената и квалитетот,
• добра водоодбивност,
• висока цврстина,
• едноставна подготовка (минималнопромешување- иста подготовка како кај пастозните малтери),
• лесно вградување (лесно запеглување во повеќе насоки – најдобро во една насока),
• долготрајна отпорност на алги и мувла,
• продолжено отворено време,
• рок на траење : 18 месеци,
• 12 нови нијанси,
• соодветен за екстериер и ентериер.

Иновативната технологија и посебно избраните пигменти овозможуваат PREMIUM квалитет Kulirplast 1,8 Premium е декоративен измазнет малтер од обоен природен мермер каде иновативната технологија на боење на камчињата со посебно избрани пигменти и со употреба на најсовремени врзива обезбедува врвен, премиум квалитет:

Карактеристики:
- исклучителна UV постојаност,
- висока водоодбивност,
- висока цврстина,
- одлични апликативни карактеристики.

Kulirplast 1,8 Premium обезбедува висока заштита од разорното влијание на водата која се рефлектира од тлото, како и лесно одржување и чистење. Во 2014 год. подготвивме 24 внимателно одбрани нијанси кои во комбинација со нијанси на малтерите од JUBIZOL топлотноизолацискиот систем, даваат решенија за современи трендови во архитектурата.






JUB DesignStudio

# JUB Design Studio

**Дали Ви е позната алатката JUB Design Studio, која Ви овозможува доколку ги вградите потребните материјали за термоизолација на JUB, комплетно Ви е бесплатна.**

Најхрабрите се секогаш најбрзи. Некој од најхрабрите за изработка на JUB Design Studio, како и во минатите броеви на JUB Магазин, ќе ви ги претставиме и во овој број. За жал поради ограничениот простор во секој наш број претставувањето е делумно.

За оние кои не се информирани како да ја добијат оваа наша услуга ќе ги наведам неколкуте чекори до крајниот резултат.

1. Фотографирајте го вашиот објект однадвор,
2. Испратете ни ги фотографиите на e-mail: jub@jub.com.mk ,
3. Испратете ни ги вашите идеи за нијансите и прекршувањата на фасадата,
4. Бидете трпеливи 5 работни дена и ќе ја добиете Вашата замисла, на вашиот објект, како и нова идеја од нашите архитекти, како за изборот на нијанси, така и за прекршувањата на истите.

Доколку Ви се допадна нашата идеја за ваша помош, слободно може да ни се обратите во канцелариите на бул. Јане Сандански бр.79а – 3, 1000 Скопје, како и на телфонскиот број: 02/ 2454 027.

Со надеж дека во најскоро време ќе исконтактираме, се радуваме на нашата средба.









# Референци:

## Преглед на референтни објекти изработени 2013 година

И во овој број на JUB магазин прикажуваме референтни објекти каде правилно се вградени наши фасадни материјали.



Објект: Индивидуална куќа - Битола.
Jubizol стандард:
ATG 1,5mm-бел,
ATG 1.5mm нијанса 2401,
Kulirplast 2,0mm, бр. 405



Објект: Станбена зграда Водно- Скопје
EPS lep.malta,
MAG 1,5 mm нијанса1035 и 1503



Објект: Аура Корнер - Центар- Скопје
Nanoxil G 1,5mm,
Nanoxilcolor – нијанси по NCS тон карта



Објект:  Деловна зграда Витаминка - Прилеп
Јубизол систем:
ATG 1.5mm, нијанса 1492, 4611 и 5561

# ЗА СЕКОЕ ЧУВСТВО, КОЕ ГО САКАТЕ, ТУКА Е БОЈАТА JUPOL GOLD




Со повеќе од 10.000 нијанси на JUPOL GOLD кои ги креираме според Вашите чувства, можете да го обоите својот дом со своите најомилени чувства. Уживајте во боите и боењето! Со боите JUPOL GOLD, патот до професионални резултати е сосема едноставен.

**JUPOL GOLD.**

БОИ, ЕДИНСТВЕНИ КАКО ЕМОЦИИ.

JUB

*Боите го менуваат домот.*